Long Service Corporation

ИНДУСТРИЈА НА ЧИСТАЧИ ПО ДОГОВОР

# Одморо после долгогодишен стаж и ВИЕ



## Што е LONG SERVICE LEAVE?

Long service leave (Одмор после долгогодишен стаж) е бенефиција која можат да ја користат повеќето работници во Нов Јужен Велс и таа се однесува на платен одмор од два месеци кој вработените можат да го земат после 10 години стаж за истиот работодавец и еден месец платен одмор за секои пет години стаж после првите 10 години.

## Зошто ИНДУСТРИЈАТА НА ЧИСТАЧИ е РАЗЛИЧНА?

Во индустријата на чистачи, невообичаено е да се работи за истиот работодавец 10 години. За да се обезбеди чистачите да можат да користат слични бенефиции, воведена е програма за користење на одмор после долгогодишен стажа кај повеќе работодавци.

## Што е LONG SERVICE CORPORATION?

Long Service Corporation (КОРПОРАЦИЈА ЗА ОДМОР ПОСЛЕ ДОЛГОГОДИШНА СЛУЖБА) е законско тело на владата на Нов Јужен Велс која е одговорна за управување со програми за пренесување на одморот после долгогодишен стаж за работниците во индустријата на чистачи по договор, како и за работниците во градежната индустрија.

## ШТО ЗНАЧИ PORTABLE LONG SERVICE?

Portable long service (Пренослив одмор после долгогодишен стаж) значи дека евидентирано ви е право на одмор после долгогодишен стаж врз основа на тоа колку долго сте работеле во индустријата на чистачи во Нов Јужен Велс, не само кај еден работодавец. Тоа значи дека без разлика за колку работодавци сте работеле, ќе имате повеќе право на одмор после долгогодишен стаж се додека работите во индустријата на чистачи.

**Затоа, важно е да го проверувате вашиот Annual Statement (Годишна извештај) и да се осигурате вашите контактни податоци да бидат ажурирани.**

## КОЛКУ ЌЕ ЧИНИ ТОА?

Работниците кои примаат плата не плаќаат ништо за програмата, бидејќи паричните придонеси ги плаќаат работодавците и претприемачите во индустријата.

## КОГА МОЖАМ ДА ЗЕМАМ ОДМОР?

Можете да поднесете молба до Long Service Corporation за одмор после долгогодишен стаж од најмалку две недели:

- Ако имате евдинтиран стаж од вкупно 10 години;
- Секои 5 години, после првите 10 години;
- Ако имате евидентиран стаж од 5 години и исто така сте акумулирале право за одмор после долгогодишен стаж со вашиот работодавец според Long Service Leave Act 1955 (Закон за одмор после долгогодишен стаж од 1955).

Можете да поднесете молба за пропорционална исплата на одмор после долгогодишен стаж ако имате евидентиран стаж од најмалку 5 години и:

- Сте престанеле да работите во индустријата за стално, или
- Во случај на вашата смрт, вашиот личен застапник може да поднесе молба за исплата.

## ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВАМ?

- Осигурете се вашите контактни податоци да бидат точни – За да обезбедите да добивате важни информации за вашиот евидентиран стаж, проверете ги и обновете ги вашите податоци на www.longservice.nsw.gov.au/online-portal
- Проверувајте го вашиот годишен извештај – Секоја година, ќе можете да го прегледате вашиот годишен извештај, во кој е прикажан вашиот евидентиран стаж, на Интернет. Проверете го за да се осигурате дека вашата работа како чистач е евидентирана во овој извештај.

## КАКО ОДМОРОТ ПОСЛЕ ДОЛГОГОДИШЕН СТАЖ СЕ РАЗЛИКУВА ОД SUPERANNUATION?

Superannuation е пензиски фонд во кој вашиот работодавец става придонеси во ваше име. Преносливиот одмор после долгогодишен стаж се води во општ заеднички фонд во кој се инвестира во име на сите работници, не директно на сметка во ваше име. Кога ќе имате доволно стаж, можете да поднесете барање, да земете одмор кој ние ќе ви го исплатиме.

## УСЛУГИ ОД ПРЕВЕДУВАЧИ

TRANSLATING AND INTERPRETING SERVICE

Ако ви треба преведувач, телефонирајте во **TIS National** на **13 14 50** и замолете ги да се јават во **Long Service Corporation** на **13 14 41**.

Ние работиме од 8.30 ч. наутро до 5.00 ч. попладне, од понеделник до петок.

Исто така, можете да ги посетите Интернет страниците на TIS National за да дознаете какви услуги нуди TIS National.

Отидете на: www.tisnational.gov.au

Interpreter

241018CCI